**ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-СТРУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

## „СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ТУРИЗМОТ, ЕКОНОМИЈАТА И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“




**Штип, 2016**

**Издавач:**

Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика

**Уредници:**

Проф. д-р Никола В. Димитров

Доц. д-р Дејан Методијески

**Организациски одбор:**

Проф. д-р Никола В. Димитров
Доц. д-р Дејан Методијески
Асистент докторанд м-р Душица Санева
Асистент докторанд м-р Оливер Филипоски
Асистент докторанд м-р Кристина Ковачевиќ
Асистент докторанд м-р Наташа Колевска Асистент докторанд м-р Душко Јошески

**Програмски одбор:**

Проф. д-р Никола В. Димитров
Проф. д-р Нако Ташков
Проф. д-р Златко Јаковлев
Проф. д-р Цане Котески
Проф. д-р Мичо Апостолов
Доц. д-р Дејан Методијески
Доц. д-р Марија Магдинчева Шопова Доц. д-р Тања Ангелкова Петкова **Печати:**

Печатница „2ри Август" - Штип

**Тираж:**

100 примероци

**Дизајн на корица:**

Доц. д-р Дејан Методијески
Проф. д-р Никола В. Димитров
**Фотографии за корица:**

М-р Васко Златковски

**Техничко уредување:**

Доц. д-р Дејан Методијески

**Лектор:**

Вангелија Цавкова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
616.314-08(075.8)
616.314-74(075.8)
НАУЧНО-стручна конференција "Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија" (2016; Штип)
Зборник на трудови од научно-стручна конференција "Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија", Штип 28.05.2016 [Електронски извор] [уредници Никола Димитров, Дејан Методијевски]. - Текст во PDF формат, содржи 215 стр., илустр.. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Факултет за туризам и бизнис логистика, 2016
Начин на пристап (URL): http://js.ugd.edu.mk/. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден
18.07.2016 ISBN 978-608-244-313-3 1. Гл. ств.
насл.
а) Туризам - Економски прилики - Македонија - Собири
COBISS.MK-ID 101453578

## СОДРЖИНА

УЧЕСНИЦИ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА ................................................ 6

ПРЕДГОВОР ОД УРЕДНИЦИТЕ ................................................... 15

ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ........................................... 17

СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ТУРИЗМОТ, ЕКОНОМИЈАТА И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Никола В. Димитров ........................................................... 18**

ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАУЧНИ И СТРУЧНИ КОНФЕРЕНЦИИ И НИВНИОТ ПРИДОНЕС ВО НАУКАТА

**Дејан Методијески, Душица Санева .................................... 26**

ОСНОВНИ ПОСТАВКИ НА МЕНАЏМЕНТОТ НА СИНЏИР НА СНАБДУВАЊЕ И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА

**Мичо Апостолов, Лилјана Здравковска, Наташа Апостолова.................................................................... 36**

ЛОГИСТИЧКИОТ МЕНАЏМЕНТ ВО ФУНКЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИТЕ ДЕСТИНАЦИИ

**Христина Филипоска, Оливер Филипоски .......................... 48**

ПРИМЕНА НА TQM (TOTAL QUALITY MANAGEMENT) СИСТЕМ ВО КОМПАНИИ

**Александра Ташевска ......................................................... 57**

ТРАНСПОРТНИ СИСТЕМИ

**Моника Станковска ............................................................. 64**

СОСТОЈБИ И МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИОТ БИЗНИС ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Марија Магдинчева Шопова, Магдалена Мицева ............... 74**

ПРЕТПРИЕМАЧКА ИНИЦИЈАТИВА И РАЗВОЈ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ ТУРИЗАМ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, БОГДАНЦИ И ДОЈРАН

**Марија Магдинчева Шопова,Симона Савиќ,Убавка Вегова..86**

ПРЕТПРИЕМАЧКА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Марија Магдинчева Шопова,Љупка Атанасова,Вера Митровска ............................................................................................. 95**

ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО ....................................................105

УСЛОВИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ГРАДОВИТЕ ШТИП И КОЧАНИ И НИВНАТА ОКОЛИНА

**Златко Јаковлев, Цане Котески, Дарко Шпиртов ........... 106**

МОЖНОСТИ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА СЕЗОНА

ВО ПООДДЕЛНИ ПЛАНСКИ РЕГИОНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Андреа Златковска, Јулијана Саздова ........................... 112**

ТУРИСТИЧКИ ЗНАМЕНИТОСТИ ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА МАКЕДОНИЈА

**Цане Котески, Златко Јаковлев, Драгана Солтировска .. 125**

ПРОЦЕСНИ ИНОВАЦИИ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО

**Николчо Петров, Тања Ангелкова Петкова ..................... 138**

НАТУРИЗМОТ КАКО ДЕЛ ОД МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРИЗАМ

**Златко Јаковлев,Благица Арнаудова,Цане Котески.......144**

МЕНАЏМЕНТ НА УСЛУЖНА ДЕЈНОСТ

**Златко Јаковлев,Цане Котески,Душица Матета Гигова..151**

ПРЕЗЕНТАЦИЈА И АНАЛИЗА НА ДЕЛ ОД ПУБЛИКУВАНИТЕ ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧИ ВО ПЕРИОДОТ 1954–1979 ГОДИНА И

НИВНАТА УЛОГА ВО ПРОМОЦИЈА НА ТУРИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА

**Никола В. Димитров, Методи Чилиманов ........................ 160**

КРАТОК ОПИС НА ОСОГОВСКИОТ РЕГИОН

**Нако Ташков, Илија Милосовски .................................... 181**

ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА МАНАСТИРСКИТЕ КОМПЛЕКСИ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

**Љупчо Јаневски, Науме Мариноски ................................ 185**

ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

**Нако Ташков, Ивана Ананијева, Симона Атанасова .......203**

# ПРЕДГОВОР ОД УРЕДНИЦИТЕ

Зборникот „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија" содржи трудови кои се презентирани на истоимената научно-стручна конференција, одржана на 28-ми мај 2016 година во Штип, во организација на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Мотивите за одржувањето на конференцијата се повеќе. Конференцијата им даде можност на младите автори и студенти на втор и трет циклус на студии да ги презентираат и доближат до пошироката научна и стручна јавност своите теоретски и практични истражувања од областа на туризмот, економијата и логистиката. Во најголем дел, нивните трудови се изработени под менторство на професорите кои се истакнати научни работници и потврдени практичари. Од друга страна, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, изискува објавување на еден труд кој е резултат на истражувањето што е предмет на магистерскиот труд. Важен мотив за одржувањето на конференцијата е социјалниот дел, во кој учесниците имаа можност да се запознаат, разменат мислења, дискутираат и остварат вмрежување. Преку конференцијата, промовиран е градот Штип како туристичка дестинација, а од друга страна, позитивно влијае на имиџот на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

На конференцијата беа покренати бројни прашања, изнесени одделни размислувања и дилеми што со својата актуелност го зафатија научно-стручното поле на расправата, што резултираше со овој зборник. За понатамошна соработка и доближување до читателите, на почетокот на зборникот се претставени авторите со фотографија и кратка биографија, а покрај насловите на трудовите наведени се и нивните електронски адреси.

Од содржинска гледна точка, зборникот дава свој придонес во зголемување и збогатување на постоечката литература од областа на туризмот, економијата и логистиката. Тој е важен за заедницата на образовниот, јавниот и невладиниот сектор, како и стопанските организации кои се занимаваат со оваа проблематика. Тематски е поделен на два дела: Теми од економија и бизнис логистика, каде има девет труда и Теми од туризам и угостителство, каде се претставени

десет труда. Зборникот содржи над 200 страници текст од триесет и тројца автори, во кои за подобра презентација се користат графикони, табели и фотографии.

Како уредници на зборникот, ја користиме оваа прилика да искажеме благодарност до сите учесници на конференцијата, како и до колегите кои дадоа свој придонес во организацискиот и програмскиот дел на конференцијата.

Низ презентираните текстови и материјали, во зборникот се открива големото значење и современите тенденции на туризмот, економијата и логистиката во нашата земја. Исто така, реакциите од страна на учесниците беа позитивни во однос на успешната организација на конференцијата. Поради овие причини, се надеваме дека во иднина оваа конференција ќе добие меѓународен карактер и ќе доживее голема традиција.

**Никола В. Димитров**

**Дејан Методијески**

# ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

УДК 338.48 (497.7)

# СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ТУРИЗМОТ, ЕКОНОМИЈАТА И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Никола В. Димитров**

nikola.dimitrov@ugd.edu.mk

**Клучни зборови:**

туризам, економија, бизнис логистика, Република Македонија.

**Апстракт**

Важна дејност која значително партиципира во економскиот развој на Република Македонија е туризмот. Туризмот на различни начини влијае на социјалниот, културниот и економскиот живот во нашата држава. Туризмот претставува дејност која во Р. Македонија се практикува повеќе децении и истиот остварува видливи економски резултати. Туризмот претставува услужна динамична економска категорија подложна на промени. Туризмот како економски бизнис не е возможен ако логистички не е поткрепен и обезбедуван.

## Состојби и перспективи на туризмот во Република Македонија

Туризмот во Република Македонија е најбрзо растечки економски сектор кој располага со големи можности за привлекување на странски и домашни инвестиции, и со можност за нови вработувања. Подобрување на туристичката понуда значи постојано подобрување и унапредување на културниот, езерскиот, речниот, планинскиот, бањскиот, спортскиот, ловниот, винскиот, верскиот, руралниот, еко-туризмот, манифестациониот, активниот и други видови туризам.

Развојот на туризмот во нашата држава мора да биде и во согласност со Концептот на светската туристичката политика до 2030 година, кој е претставен во Обединетите Нации, и кој се потпира на 17 цели на одржлив развој. Така, на светскиот туризам во наредниот период нема да се гледа само како реализирање на патување, престој и рекреација во природна и животна средина од економски аспекти, туку на интеграција на економијата со новите технолошки

достигнувања и знаење. Затоа, туризмот и во идниот период ќе претставува дејност која ги обединува и вреднува трговијата, транспортот, земјоделието, енергијата, животната средина, просторното и регионалното планирање, бизнисот, логистиката, образованието, културата и целата технологија и информатика.

Глобалниот развој на туризмот и приливот на милијарди долари во буџетот на туристички најразвијните држави, во 2010 година иницира формирање на туристички сојуз на 20 туристички најразвиен држави. Овој сојуз, или сојузот „Т20", секоја година одржува заеднички министерски собир на кој се носат стратешки одлуки за развој на туризмот во третираните држави, но и за нивното влијание врз развој на туризмот во останатите држави во светот.

Според Светската туристичка организација, бројот на туристи во светот во 2015 година достигна до 1.184.000.000 туристи, со остварени над 1.200 милијарди УСА долари. Бројот на вработени лица во туризмот во светот изнесува околу 80 милиони (околу 1 % од светската популација). Врз основа на анализа на Светската туристичка организација, бројот на туристи во 2030 година се планира да достигне до 1.800.000.000, со вкупен промет од над 2.500 милијарди УСА долари.

Во правец на развој и унапредување на туризмот во Република Македонија, Агенцијата за развој и унапредување на туризмот, во последните десетина години, активно подготвува, учествува и реализира свои кампањи во светот каде Македонија се промовира како туристичка дестинација (учество на туристички саеми, присуство на ТВ канали, Веб портали и сл.). Така, како резултат на континуирана промоција, во последните години бројот на туристи во Р.М. постојано се зголемува, па така, во 2015 година тој изнесува 816.067 туристи, а во 2020 година планирано е Р.М. да ја посетат 1.000.000 туристи, додека, пак, состојбата со бројот на ноќевања во 2015 година изнесувал над 2.200.000, а во 2020 година планирано е да достигне до околу 3.000.000 ноќевања.

Остварениот приход од туризмот во Република Македонија во 2015 година бил околу 300.000.000 евра, а за 2020 година планирано е да достигне до околу 500.000.000 евра. Бројот на вработени во Р.М. во 2015 година изнесува 25.000 лица (3,8 % од вкупниот број вработените лица), а во 2020 година планирано е нивниот број да се зголеми на околу 30.000 вработени (над 4 % учество во вкупниот број

вработени лица во Р.М.). Туризмот во 2015 година во вкупниот БДП учествува со 1,5 %, а во 2020 година се планира да биде околу 5 %.

Главно мото на македонскиот туризам за наредните 10-15 години треба да биде „над милион туристи, една милијарна евра добивка". Ова мото може да биде остварливо бидејќи нашата држава поседува извонредни природни и антропогени мотиви, како и со комуникативни и рецептивни мотиви кои сè уште не се искористени. Во правец на реализација на погоре искажано мото се сите заложби на државата, министерството за економија, агенцијата за туризам и на сите други субјекти кои се занимаваат со туризам и угостителство.

Во контекст на претходно изнесеното се туристичките вредности на Република Македонија кои фактографски ќе ги презентираме. Имено, во Република Македонија карактеристични природни или релјефни облици кои имаат туристичка вредност и се интересни за развој на туризмот се: планините, клисурите, кањоните, пештерите, вулканските, поствулканските и денудационите форми.

Република Македонија е позната како планинско – ридско – котлинска земја. Најголем дел од територијата зафаќаат планините, со површина од 11.044 км2 или 43 %, потоа следуваат ридовите со 9.769 км2 или 39 %, а на рамнините отпаѓа 4.900 км2 или 19 %. Според податоците, Република Македонија е планинско – ридска земја со учество од 81 %, и со просечна надморска височина од 829 метри.

Во просторот на нашата држава регистрираме 26 планински масиви, 80 планини (од кои 13 високи со над 2000 м височина, 50 средни од 1500 до 2000 метри височина и 17 ниски планини од 500 до 1000 м височина). На нашите планини се евидентирани 75 туристички локалитети, а во функција на планинскиот туризам активни се 7 скијачки центри (а можат да се формираат вкупно 30 зимско – спортски центри), 8 планински викенд населби, 36 планинарски домови, 4 планински детски одморалишта, 45 планински хотели, стотици ресторани лоцирани во планински предели и др.

Денес, туристичко активни планини во Р. Македонија се: Шар Планина, Бистра, Баба Планина со Пелистер, Јакупица, Јабланица, Кораб, Галичица, Кожуф, Нице, Плачковица, Осоговски Планини, Малешевски Планини, Беласица, Стогово, Бушева, Бабуна, Илинска Планина и други

Република Македонија е позната и по своите „композитни речни долини" низ кои наизменично се поредени котлини и клисури. Така, низ територијата на Р. Македонија постојат 14 поголеми и многу помали клисури (најдолга е Скочивирската со 80 км), како и десетина кањони (најдолг е кањонот на Барич со 42 км).

Од големиот број на 346 пештери во Р.М., само 5 се подготвени за туристичка посета, односно имаат осветлување, а тоа се: пештера Матка 1, 2 и 3; пештера Шаркова Дупка и пештерата Пешна. Според стратегијата за развој на спелео туризам, бројот на пештери осветлени – уредени за посета ќе биде десет.

Посебна атракција на туризмот во нашата држава заземаат остатоците од вулкански и поствулкански форми. Станува збор за повеќе остатоци од некогашни вулкански купи (Пилав Тепе, Острец, Цврстец, Васок Град и други), еродиран вулкански кратер (во градот Кратово, село Лесново), вулкански материјал (туф, лапили), базалтни плочи (село Младо Нагоричане, кумановско), вулканска висорамнина (Витачево, кавадаречко), повеќе термални и минерални извори и една активна пост вулканска појава – солфатара („Дувало" кај село Косел, охридско). Додека, пак, од денудационите форми познати се: земјените пирамиди и столбови, камени кукли и столбови, камени печурки, мелови и друго. Најмногу од овие денудациони форми ги има во просторот на Кратово – Куклица, Кавадаречко - камени столбови „цуцки", сместени во „Долината на плодноста" кај Конопиште, делчевско – во близина на село Нов Истевник, локалитет „Кукуље", Мариовско во близина на село Дуње, камени печурки, камени фигури на потегот Маркови Кули – Трескавец и на други места.

Во Република Македонија има 3 поголеми тектонски езера и околу 40 планински или глацијални езера, како и стотина вештачки, од кои поголеми се околу дваесетина езера.

Езерскиот туризам е најразвиен вид туризам во Република Македонија. Овој вид туризам се реализира на природните и дел на вештачките езера. Најзастапен е капалишниот – стационарен туризам на Охридско, Преспанско и Дојранско Езеро. Од вештачките езера, крајбрежен простор во функција на езерскиот туризам се Мавровско Езеро, Тиквешко, Беровско, Матка, Дебарско, Козјак, Гратче, Младост, Мантово, Глобочица, , Прилепско и др. На сите езера утврдени се 50 локалитети, од кои највеќе на Охридско Езеро (17

локалитети), Преспанско Езеро (12), Дојранско Езеро (5), Мавровско Езеро (3) и на други вештачки езера (13 локалитети).

И изворите претставуваат туристичка атракција во нашата држава од кои најпознати и најпосетувани се изворот на Црн Дрим наречен „Острово" кај Св. Наум, изворот на Вардар кај село Вруток, изворот на Црна Река кај село Железнец, изворот на Треска кај село Извор, Венчанските извори, Билјанините извори и други. Во периодот што следува потребно е уредување и на други извори за посета од страна на туристите.

Во Република Македонија регистрирани се над 150 водопади, од кој највисок е Корабскиот Водопад висок 136 метри, а од најзначајните дваесетина водопади, најпосетувани се Смоларскиот (39,5 м), Колешинскиот (15 м), Габровскиот (8 м), Дувскиот Водопад (28 м) и вевчанските слапови. Во моментот се работи на уредување на патеки до уште 3-4 водопади.

Република Македонија има потенцијални можности за развој на бањскиот туризам. На цела територија се појавуваат 65 термоминерални води, од кои осум се активни како природни лекувалишта. Така, бањи со бањски туризам се: Катлановска Бања кај Скопје, Проевска Бања кај Куманово, Кочанска Бања кај Кочани, Кежовица кај Штип, Банско кај Струмица, Негорска Бања кај Гевгелија, Бањиште и Косоврашка Бања кај Дебар. Бањите се посетени заради лековите својства на водата. Во наредниот период планирано е уредување и збогатување на понудата во постоечките бањи, но и градба на нови, особено во источниот дел од државата.

Република Македонија располага со многу разновиден растителен и животински свет. Во функција на тоа се трите национални паркови, природните резерват, ловните резервати, заштитените зони и сл. Во рамките на овие паркови и резервати обележани и уредни се повеќе патеки за пешачење, велосипедизам, видиковци, како и места за рекреација и одмор.

Од сферата на антропогените туристички мотиви, во нашата држава доминираат: културно-историските, етнографските, манифестационите и амбиенталните мотиви, кои се распространети низ целата територија на државата. Така, во Републиката регистрирани се неколку илјади објекти од предисторија до средината на XX век, и кои имаат културно-историска вредност. Од илјадниците, ќе ги спомeнеме само посетуваните, бидејќи се уредени

и ги исполнуваат условите за културолошки туризам. Од сите нив, доминираат објектите (локалитети, цркви, манастири, џамии, тврдини – калиња, саат кули, мостови, чаршии, безистени, амами и др.), музеите и спомениците во Охрид и околината, потоа во Скопје и околината, во Битола, Прилеп, Крушево, Струга, Штип, Велес, Кратово, Тетово итн.

Во нашата држава се одржуваат и над 150 манифестации преку кои се презентира македонската култура и традиција.

Во правец на развој и унапредување на туризмот важен фактор е застапеноста и уреденоста на туристичката инфраструктура претставена преку комуникативните и рецептивните фактори. Па, така, на многу места низ државата се градат современи патишта (4 автопати и уште толку брзи патишта), се реновира застарената патна мрежа, се осовременува возниот парк, се осовременува железничкиот сообраќај, веќе се осовременети двата аеродроми (Александар Велики во Скопје и Апостол Павле во Охрид) и др. Во делот на рецептивните мотив се создаваат услови за градба на нови хотели, реновирање на старите хотели, се стимулира приватниот хотелски и угостителски бизнис, давање на повеќе погодности за школување, студирање и вработување во туристичко-угостителскиот сектор и сл.

Бројот на сместувачки капацитети (хотели, хостели, преноќишта, мотели, одморалишта, планински домови, рурални куќи, вили и сл.) изнесува 555 објекти, кои располагаат со над 70.000 легла, а бројот на угостителски објекти изнесува над 10.000 ресторани, гостилници, кафеани, пицерии итн. Важна улога во промоција на туризмот имаат и над двестотините туристички агенции и неколкуте туристички инфо центри.

Според податоци од Министерството за економија, во 2015 година во РМ има 265 хотели, од кои 16 се со 5* (ѕвезди), 65 со 4*, потоа 81 со 3*, 60 со 2* и 43 со 1* (ѕвездичка).

Најголем број од рецептивните објекти се лоцирани во Скопје и Охрид, а потоа следуваат Струга, Битола, Тетово, Гевгелија, Дојран, Крушево, Куманово, Прилеп, Штип, Велес, Струмица, Берово и др.

Сето погоре изнесено кажува дека во Република Македонија за поголем и побрз развој на туризмот активно се планираат и практикуваат повеќе стратегии за развој на различни видови туризам. Особено внимание треба да се посвети на езерскиот, планинскиот, бањскиот, здравствениот, винскиот, верскиот, руралниот и другите

видови туризам. За таа цел, во нашата држава, но и во странство, постојано се врши промоција за туризмот во Република Македонија и нејзините поважни туристички дестинации како што се Охрид, Скопје, Дојран, Крушево, Маврово, Битола, Кратово, Берово, Преспа итн.

Денес, а и во перспектива, државата и понатаму ќе субвенционира и ќе дава поддршка за градба, адаптација и уредување на мали сместувачки капацитети, помали рибарски куќички, рурални куќи, видиковци, места за одмор и рекреација и сл. Се субвенционира и вработувањето во туристичкиот сектор, промовирање на туризмот во земјата и странство, се субвенционира уредување и одбележување на планински и велосипедски патеки, организирање на разни туристички манифестации, развој на планинарството, алпинизмот, параглајдерството, винскиот туризам, манастирскиот туризам, подобрување на уловите во авто кампови, учество на меѓународни туристички саеми, изработка на промотивен туристички материјали, субвенционирање на носење на странски туристи и уште многу други работи.

Сите активности се во правец на зголемување на капацитетите во туризмот, зголемување на вработувањето во туризмот, збогатување и подобрување на туристичката понуда и промоција, подобрување на квалитетот, зголемување на туристите од напредните економии и уште многу други активности кои прагматично влијаат врз перспективите на туризмот во Република Македонија.

**Состојби и перспективи на економија и логистиката во Република Македонија**

Развојот на туризмот не може да се оствари доколку состојбите и перспективите економски не се усогласени во целина во државата. Имено, Министерството за економија и воопшто владата, за периодот до 2018 година, но и понатаму, останува развојот на економијата да се потпира преку реализација на нови инвестиции, што ќе придонесе за отворање на нови работни места, а со тоа и подобар и поквалитетен живот на граѓаните.

И понатаму останува поддршката на приватната иницијатива, безусловно почитување на економските слободи и слободата на поединецот како креатор на својата благосостојба и напредокот во општеството. Така, поддршката на приватниот сектор за нови инвестиции ќе продолжи преку: ниски трошоци за фирмите за работа,

натамошно подобрување на бизнис-климата, натамошна изградба на економската инфраструктура – патишта, железници, енергетика; поддршка за подигање на иновативниот капацитет на фирмите; натамошно субвенционирање за намалување на невработеноста на околу 22 %; зголемување на платите; стабилна фискална политика; ниска инфлација и стабилен девизен курс; реформи за конкурентност на македонската индустрија и други поволности

За остварување на ова потребно е ориентираност кон логистичко управување со синџирот на снабдување, и тоа преку: етрговија и Интерет комуникации; електронско снабдување и електронска продажба; воведување на безбедни, ефективни и ефикасни логистички информациони системи; управување со набавка, залихи; управување со транспортот, складирањето; управување со побарувачка, производство; стимулирање на ебизнисот; управување со кризи, кризен менаџмент и низа други економски и логистички активности.

## Заклучок

Сето погоре на кратко изнесено алудира дека туризмот, економијата и логистиката во Република Македонија имаат перспективи кои исклучиво зависат од нашата посветеност за опстојување и развој, а потоа од опкружувањето. Остварувањето на економските цели, прво се важни за опстанок на поединецот, а оттука и на државата во целина. Според тоа, нема развој доколку студиозно и системски не се изврши вреднување на трудот, распределба на резултатите од трудот, а тоа значи дека, перспективите повеќе треба да ги бараме во нас, а помалку во опкружувањето.

## Користена литература:


Никола В. Димитров, Цане Котески (2015), Туристичка географија, Штип;

http://www2.unwto.org/annual report 2015
(превземено, 20.04.2016)

http://www.e-unwto.org/toc/unwtotfb/current
(превземено, 20.04.2016)